Бр./Nr 12-1277/4
17-06-2024 г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1277/1 од 29.03.2024 година, оформен по доставена пријава против службеното лице ---------- ----------, в.д. директор на Државниот ----------- -----------, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-1277/1 од 29.03.2024 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 29.03.2024 година, поднесена е пријава против службеното лице ---------- ----------, в.д. директор на Државниот ----------- ----------- за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година и оформен е предмет број 12-1277/1 од 29.03.2024 година.

Наводите во пријавата против наведеното лице упатуваат за можно прекршување на членовите 34 и 35 од од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, поради покрената дисциплинска постапка против седум лица вработени во инспекторатот во изборен период.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот ----------- ----------- со кое беше

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

побарано да биде доставено на писмено образложение со прилог на целокупна документација по однос пријавените наводи.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба: спроведувањето на наведените дисциплински постапки против седум лица вработени во Државниот ----------- ----------- се запрени и истите се ставени во мирување до авршување на изборниот процес.

Од погоре наведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат односно, не е констатирано прекршување на членовите 34 и 35 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, по што оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал:Ј.Ц.,раководител
Одобрил: З.Б.,член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk